Врз основа на член 16 од Методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (Сл.весник на РМ бр.50/2005 и 40/2010) и член 21 од Статутот на Општина Виница (Сл.гласник на Општина Виница бр.2/2004),Советот на Општина Виница на седницата одржана на ден 31.05.2010 година донесе:

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за критериуми за утврдување на зони во општина Виница за одредување на пазарна вредност на недвижниот имот

### член 1

Членот 2 се менува и гласи: Прва, втора и трета зона на територијата на општина Виница одговараат на четиринаесетта, петнаесетта и шеснаесетта зона од табеларниот приказ во член 16 во Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

### Член 2

Измените и дополнувањата на Одлуката за критериуми за утврдување на зони во општина Виница за одредување на пазарната вредност на недвижниот имот , влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на општина Виница.

Бр.07-562
31.05.2010 год.
Виница

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседавач,
Младен Митев